Врз основа на членот 158-ѕ точка 1) и членот 122 став (1) точки 2) и 3) од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15 и 23/16), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на седница одржана на 22.03.2016 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на финансиските извештаи и детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување и/или**
**реосигурување**

**Член 1**

(1) Во Правилникот за формата и содржината на финансиските извештаи и детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување и/или реосигурување („Службен весник на РМ" бр. 5/11, 41/11, 64/11 и 187/13), во членот 6 во ставот (1) зборовите: „во рок од три месеци од истекот на деловната година за која истите се составуваат" се заменуваат со зборовите: „најдоцна до 1 март во тековната за претходната година".

(2) Во членот 6, ставот (2) се менува и гласи:

"(2) Извештаите од ставот 1 на овој член друштвото е должно да ги достави до Агенцијата за супервизија на осигурувањ во наведените рокови по електронска пошта на начин утврден од страна на Агенцијата.

(3) Ставот (3) се брише.

**Член 2**

(1) Во членот 7, во ставот (3) зборовите: „хартиена и" се бришат. После зборовите: „електронска форма " се додаваат зборовите: „на начин утврден од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување".

(2) Во членот 7, ставот (4) се брише.

**Член 3**

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 април 2016 година.

(2) Друштвата се должни овој правилник да го применуваат со изготвувањето на кварталните извештаи за вториот квартал за 2016 година.

**Бр.02-298/3** **Претседател на Советот на експерти,**

**22.03.2016 година** **Климе Попоски**

**Скопје**

Образложение

Со измената се ослободуваат друштвата за осигурување од обврската за хартиено доставување на потребниот извештај, односно се задолжуваат истата да ја доставуваат електронски.